Мариа ДОНЕВСКА

# МЕТОДОЛОШКИ ДИЛЕМИ НА ТЕОРИЈАТА НА СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА

Формирањето на социјалната работа како професионална дејност е поврзано со интензивните процеси на индустријализација и урбанизација во капиталистичките земји и со развојот на општествените науки на преминот од 19-ти во 20-ти век. Како и во повеќе општествени науки и во теоријата на социјалната работа, пред да се изгради определена теоретска платформа, која и денеска е во тек на формулирање, долги години била присутна, обликувана во различни форми и видови - социјалната дејност. Додека професионалната социјална работа има свои корени во научната (повеќе во просветителската) и световната филантропија и можеме да ги утврдиме нејзините корени, теоријата на социјалната работа како научна дисциплина, доста споро влегува во семејството на науките и тој процес воопшто не е завршен.

Од самиот почеток на својата научна концептуализација, социјалната работа навлегувала во различни релации со научните достигнувања од други науки, а бидејќи како научна дисциплина таа се формирала во првите 20 години од дваесетиот век, најголемо влијание врз неа извршил логичкиот позитивизам. Според позитивизмот, единствен извор за свесното знаење за светот и за неговото проверување е искуството. Предметот на научното познавање се фактот, додека методата претставува формализирано посматрање со употреба на емпириски техники применети во природните науки. Позитивистичко-функционалната теорија во социјалните дејности предвидува клиентот доброволно да се вклучи во постојната социјална структура а во моментот кога не сака тоа да го направи или покажува отпор - на сцената се појавуваат социјалните служби со својата „рационализација и дисциплинирање на клиентот, неговото семејство и општествените групи“ (Halmi A., 1995, с.43).

Позитивистичката парадигма, присутна долги години во социјалната практика, доживува голема критика во научната мисла на теоријата на социјалната работа, почнувајќи од 70-те години на нашиот век. M. Heineman -Pieper, Goldstein, Epstein и други сметаат дека во социјалната работа не може да се применуваат експериментални процедури а во самиот третман со клиентот, социјалниот работник или друго стручно лице внесува определени промени преку своето однесување.

( Szmagalski J., 1994, с.126 ).

Наместо медицинскиот модел - кој асоцира на лечење на социјалниот случај, авторите предлагаат стратешки (телеолошки) модел - чија ориентација е, пред сѐ, насочена кон целта која треба да се постигне во работата со клиентите.

Според B. Sesic (1988, c291), научната теорија, освен научните законитости е централен поим на научното познавање и врвен поим на научната методологија. Теоријата, според овој автор, мора да исполни неколку услови:

- во поширока смисла на зборот, наспроти практиката, под „теорија“ се подразбира секое мислено сознание за некои црти на предметот.

- во потесна смисла зборот, „теорија“ означува објаснување на некој вид појава, процес, реални или замислени предмети врз основа на научни принципи, закони или хипотези.

- научната теорија, во најтесна смисла на зборот, означува проверен хипотетички став кој се однесува на закон или хипотеза применета во целата област или вид на појава со цел за нивно осознавање т.е. - опис и научно објаснување.

Согласно со тие услови, се смета дека самата социјална работа нема своја специфична или посебна теорија и како резултат на тоа се потпира врз психолошки, антрополошки, педагошки, филозофски и социолошки теории. Истовремено, треба да се констатира дека многубројните истражувања во областа на социјалната работа придонесуваат за посебен, специфичен развој на таа дисциплина.

## 1. ДАЛИ ПОСТОИ ПОСЕБНА ТЕОРЕТСКА ПАРАДИГМА НА СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА ?

Според B.Szatur-Jaworska (1993, c.95) теоријата на социјалната работа е интердисциплинарна, бидејќи ги искористува теоретските, методолошките и дијагностичките придонеси од другите науки. Таа припаѓа на практичните науки, односно оние кои собираат и уредуваат знаења со цел да се најде начин за практична примена на законите на науката и за изградување на рационални планови за промена на постоечката стварност. Теоријата на социјалната работа располага со дефиниции (оригинални и преземени од други научни дисциплини), тврдења со различно ниво на воопштување (со теории и генерални закони на науката кои се појавија во други науки), описни реченици, судови со аксиолошка компонента (вредности, норми, примери) и практични упатства (овде влегуваат директиви од методиките на социјалната работа).

Со размислувањата на B.Javorska не се согласува J.Szmagalski (1995,с.30), кој вели: „статусот на теоријата заслужува разработен систем на концепции и логички збир на научни докази кои се однесуваат на релациите човек -средина". Според понатамошното толкување на Szmagalski, теоријата на социјалната работа во овој момент не го поседува ваковиот систем.

И во американската литература, која се однесува на анализираниот проблем, теоретските парадигми не се јасни. Повеќе се зборува околу теорија за социјалната работа отколку за теорија на социјалната работа.

Според социјалните педагози (главно се мисли на германски и полски кругови), социјалната работа се сфаќа како функција на социјалната педагогија или како нејзино подрачје на кое се одвива општественото дејство. Токму социјалната педагогија, покрај социологијата и психологијата, е една од хуманистичките дисциплини кои ја создаваат социјалната работа, сфатена како општествена активност (Marynowicz E.,1996). Социјалната работа се наоѓа во полето на интересирање на социјалните педагози, бидејќи самата практика на социјалната работа влијае врз општествената средина. Значи, во моментот кога социјалната педагогија ги анализира воспитните влијанија од страна на средината, неминовно се сретнува и со социјалната работа.

Се поставува прашањето дали социјалната работа како општествена активност е регулатор на механизмите на општествениот живот, каде што доминираат адаптационите способности на луѓето или преовладуваат развојни стремежи. Тие две опции се слични со медицинскиот и стратешкиот модел на социјалната работа кои функционираат во практиката.

Второто прашање кое се појавува се однесува на пропорциите помеѓу тоа што е уметност и тоа што е технологија во творештвото на социјалната работа. Уметност означува делување, каде што активностите на социјалниот работник се во мала мера стандаризирани и не е присутна примена на инструменти во конкретните активности.

Вториот правец означува присутство на техники и инструменти во социјалната работа. „Технолошкиот" правец во образованието за социјалната работа се раѓа во моментот кога се прават напори за професионализација на социјалната работа, но веќе во 20-те години на нашиот век тој се соочува со многубројни критики, особено во САД. Овој проблем има огромно значење во образованието на социјалните работници и е постојана тема на сите конгреси и семинари, организирани од страна на многубројните светски здруженија.

Во југословенската литература (во периодот пред 1991 година), до 1982 година не постои ниту една книга која се бави со теоретските прашања поврзани со социјалната работа. Овој ѕид го пробива Ив Неделковиќ со својата книга „Социјални рад „ (1982) а понатаму постепено се појавуваат и теоретските анализи на социјалната работа (M. Martinovic, 1987, A. Halmi, 1995, M. Dervišbegović), 1995). Во 1997 година на балканското подрачје се појавува книгата од D. Howe -„Увод у теорију социјалног рада" - преведена на српски јазик, која претставува интересна анализа на актуелни, теоретски сфаќања на социјалната работа. Се поставува прашањето зашто е толку проблематично да се гради еден концизен теоретски систем кој се однесува на социјалната работа?

Пред сѐ проблемите кои ги решава социјалната работа се комплексни а истовремено и уникатни. Интеграцијата на факторите кои го сочинуваат настанатиот проблем се одвива на различен начин. Секогаш или поточно најчесто, човекот оптоварен со проблеми треба да се набљудува како посебна целина и да се изберат соодветни форми, методи и мерки на социјална работа со него. Комплексноста, посебноста и невозможноста опреден проблем да се систематизира, го детерминира карактерот на социјалната работа која не може да се спореди со некоја друга дисциплина.

Според M. Van Tangel, социјалната работа не може да се интегрира со ниедна посебна научна дисциплина. Таа претставува применето научно знаење кое се состои од:

-вештини на знаења од различни општествени науки,

-правилен избор на методите на работа и начините на комуникација со луѓе на кои им е потребна помош (Lepalczyk I,1981).

Некои автори, особено D.Howe, сметаат дека постојат два вида теории:

а) теории за социјалната работа. Тоа се теории идентификувани од други општествени науки кои ги користиме заради остварување на подлогата за практичните дејствија;

б) теории на социјалната работа - кои одговаарат на прашањата поврзани со самата социјална работа, нејзината суштина, цел, задачи, итн.

## 2. ПРЕДМЕТ И ФУНКЦИИ НА ТЕОРИЈАТА НА СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА

### 2.1. *Предмет на теоријата на социјалната работа*

Расправата околу предметот на теоријата на социјалната работа е присутна во научната литература од различни дисциплини поради сродноста на социјалната работа со други општествени дејности. Сепак, може да се забележат определени разлики во зависност од научната ориентација, времето на формулирање на дефиницијата и подрачјето од кое дефиницијата потекнува.

Се разбира дека во овој момент зборуваме за предметот на науката за социјална работа, кој битно се разликува од предметот на социјална работа сфатена во практичната смисла.

Според Ив. Неделковиќ - белградски теоретичар за социјална работа, предмет на проучување на социјална работа е „човек на дело“, односно „истражувања на законитостите за настанување и развој на најразличните облици на човечност на дело, за време на целата човекова историја“ (Недељковић И.1982, с.23-24). Дефиницијата на Неделковиќ наиде на позитивна критика во повеќе книги од областа на социјалната работа на југословенското тло (пред распаѓањето на Југославија во 1991 година). Од нив се издвојува М. Мартиновиќ, кој дефиницијата на Ив Неделковиќ ја поврзува со реалниот хуманизам и фундаменталните поими на марксистичката етика. Според него дефиницијата има повеќе филозофски карактер и мошне тешко може да се направи нејзина операционализација. (Martinovi} M.,1987 c.5).

На балканското подрачје присутна е и дефиницијата на германскиот теоретичар Л. Роснер (L. Rossner). Според него, науката за социјална работа претставува конгломерат на научни проблеми кои се однесуваат на социјализацијата заедно со поткатегорите: социјално однесување и облици на социјализацијата, и диссоцијализација. (Martinović M., 1987, c.5) Дефиницијата, согласно со концепцијата на Роснер, ја доближува социјалната работа до социологијата и до социјалната педагогија и не може да се компонира со современети сфаќања на социјалната работа, поради својот мошне тесен карактер.

М.Мартиновиќ (1987, с.5) кој во својата книга ги анализира дефинициите на И. Неделковиќ и Л Роснер прави чекор напред во сфаќањата на предметот на теоријата на социјалната работа сметајќи дека претставува „истражувања на структурата на човековите потреби,

патишта и начини на нивно задоволување и хуманизација, социјално однесување и превенција на социјалните проблеми".

Современите полски автори сметаат дека социјалната работа во својата теоретска смисла припаѓа на социјалната педагогија, а поконкретно - двете научни дисциплини се комплементарни и заедно се преплетуваат. Сепак забележуваат дека теоријата на социјалната работа повеќе ја гради индивидуалната перспектива во дефинирање на појавите, настојувајќи да се опфатат уникатните, неповторливи својства на човековите искуства. Социјалната педагогија односите општествоединка ги дефинира преку призмата на општите црти, кои одговараат на заедничкиот општествен контекст. Релациите помеѓу социјалната работа и социјалната педагогија се многу сложени, но сепак треба да се забележи дека и во споменатите дефиниции на И. Неделковиќ, на М. Мартиновиќ и во најновата дефиниција од хрватскиот социјален теоретичар (A. Halmi, 1995), преовладува индивидуалната перспектива во дефинирање на предметот на науката на социјална работа.

А. Халми смета дека во фокусот на главниот познавачки пристап на теоријата на социјална работа се наоѓа човекот и неговата вредност, кој истовремено е и објект и субјект на социјалната работа. Последната формулација е многу битна во целата хуманистичка мисла и во последното време е прифатена од страна на општествените науки. „Човекот не е пасивен реактивен подмет, подложен на надворешни влијанија, тој е вкоренет во културата, историјата, творец на сопствениот животен простор" вели полскиот социолог P. Sztompka (1989) и додава: „За да бидеш подмет значи можеш да делуваш со рефлексија, со план, конструктивно, согласно со сопствениот избор „ (според Smolinska B, 1991)

Согласно со горенаведеното, Халми предметот на науката на социјалната работа го определува на следниот начин: „животна ситуација на човекот во интеракција со микро и макро социјалната средина и нејзиното влијание врз неговиот живот и задоволување на животните потреби на поединецот, неговото семејство и општествените групи во контекст на заедницата и нејзиниот вредносен систем „ (Halmi,1995, с. 40) Според Халми, поимот животна ситуација е основа за нагласување на три главни категории во теоријата на социјалната работа. Тоа се: социјални потреби, социјални проблеми и социјални акции.

Зборувајќи за карактеристиките на теоријата на социјалната работа, М.Мартиновиќ (1987, с.11) смета дека тоа се применетоста, интегративноста и резидуалноста. Применетоста е еднаква со практичната функција на некое знаење, додека интегративноста на знаења во соци-

јалната работа подразбира користење на сите сознанија од општествените науки, кои дијалектички се интегрираат и се искористуваат во социјалните истражувања или во практиката на социјалната работа. Резидуалноста на познавањето во социјалната работа означува преземање на определени информации од други општествени науки.

### 2.2 *Функции на теоријата на социјалната работа*

Секоја научна дисциплина има и свои функции во однос на предметот со кој се занимава. На пример, социологијата има дијагностичка, аполегетичка (оправдување или одбрана), демаскаторска, теоретска и социотехничка функција (Podgorecki A., 1968). Бидејќи, како што веќе нагласивме, социјалната работа се формира под големо влијание на општествените науки, може да се каже дека и нејзините функции се слични. Сепак, потпирајќи се на досегашните размислувања, констатираме дека функциите на теоријата на социјалната работа претставуваат посебен синдром создаден од поединечно избрани функции на тие дисциплини.

Пред сè сметаме дека основна функција е теоретската, значи подготвување на теоретски модел за потребите од подредување на собрани емпириски податоци, како и објаснување на зависностите кои се набљудуваат.

Освен теоретските аспекти, теоријата на социјалната работа ги проучува и практичните активности. Во таа смисла може да се каже и за практичните функции на социјалната работа како активност.

Најнапред социјалната работа беше насочена кон помагање на луѓе, групи и заедници, но со текот на времето може да се забележат и други функции, согласно со филозофските сфаќања на човекот и видовите идеологии врз кои се потпираат социјалните активности. Помагателната функција е присутна во сите куративни форми на социјалната работа. М. Дервишбеговиќ освен помагателната, ја наведува и корективна функција на социјалната работа. (1995,с.13)

Во социјалната педагогија, која според некои сфаќања е и основна теоретска парадигма за социјалната работа, големо значење и се придава и на воспитната функција. Воспитанието (сфатено во андрагошка смисла) е придружен фактор во сите активности на социјалниот работник кој работи со случај, ја применува групната метода или делува во локалната заедница. Посебно значење воспитната функција има за време на терапевтскиот третман спрема клиентот, во однос на негова неадекватна социјализација, кога се применува постапката

на ресоцијализација и рехабилитација - а се однесува за воспитно запуштени деца и малолетни деликвенти, болни од зависности и слично.

Во некој контекст, социјалната работа има и превентивна функција, иако според нашата концепција превенцијата е и форма на социјална работа.

## 3. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ТЕОРИЈАТА НА СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА

Истражувачките постапки во социјалната работа се потпираат врз емпириска и нормативна концепција. Помеѓу двете опции постојано постои конкуренција, всушност спорот се однесува на тоа - дали социјалната работа е знаење, вештина или уметност. Некои теоретичари, како што веќе споменавме, зборуваат и за технологија која може да биде симоним на вештините.

Предметот на истражување во социјалната работа имплицира определени методолошки концепии кои се блиски до социологијата, психологијата, педагогијата, антропологијата и другите сродни дисциплини.

Сепак, теоријата на социјалната работа на проблемите кои ги истражува гледа од друг агол, односно го проучува човекот во неговата интеракција со макро и микро средината, човек на дело, човек во акција, во постојано променливи животни ситуации.

Слично како и во други општествени науки кои имаат и практична функција, мошне важно при определувањето на нивната истражувачката апаратура е да се согледаат разликите помеѓу поимите методологија и методика.

Додека методологијата го проучува научиот метод, односно основните принципи и начини за истражување на појавите во стварноста (Соц. Реч., с. 1995, с.174), методиката на една специфична дејност, пред сè сугерира обавување на техничките страни на една активност, реализација на целите и задачите дадени во една практична дејност. Поради тоа, едно се методи и техники во практиката, во конкретна социјална работа, а друго се методи и техники со чија употреба ја истражуваме социјалната работа. Иако некои од нив имаат ист назив, целта на нивната примена е сосема друга (на пример посматрањето). Педагогот во дидактичката и воспитната практика употребува методи на дискусија, раскажување, предавање, укор, сублимација, поттикнување итн., психологот во секојдневната практика употребува методи на тестирање, советување, разговор. Социјалниот работник ги ко-

ристи сите тие методи во зависност од фазата на решавање на проблемот, но употребува и други својствени на својата професија техники како што се дијагностичкото интервју, увидот, контрактот, екомапата, генограмот. Тоа се методи и техники кои ги употребуваме во работата со клиенти.

Во истражувањето се употребуваат истражувачки методи. Овде треба да се напомене - вели П. Георгиевски (1994 с.23) - дека различни автори секогаш не подразбираат исти нешта под овој поим.

Метод на една наука е начинот на истражувањето, што таа го применува за да го проучи и сознае својот предмет (Соц. реч,1995).

Во психологијата методите ги делиме на експериментални, неекспериментални и интроспекција, додека под техники се подразбираат интервјуто, тестот, посматрањето итн. (Стаменкова-Трајкова, 1995, с. 45).

Во педагогијата најчесто се разликува дескриптивни и каузални методи (Muzić V., 1973) а во социјалната педагогија: студиум на случај, монографија и метод на сондажа (Камински,1978).

Според социолозите "не постои единствен метод, односно единствено сфаќање на социолошкиот метод. "(Георгиевски П, 1998, 30), поради, како што објаснува авторот, мноштвото приоди во социолошките истражувања.

Што се однесува на техниките на истражување или методолошките постапки за прибирање на податоци, во социологијата се издвојуваат: набљудување, интервју, прашалник, анализа на содржината, биографска постапка и експеримент (Георгиевски П., 1998).

Дали теоријата на социјалната работа, тесно поврзана со горе споменатите науки, има некои специфичности во овој поглед.?

А. Халми (1995) во најновата книга која се однесува на истражувањата во социјалната работа ги спротиставува двете методолошки концепции во истражувањата во социјалната работа: позитивистичката - каде преовладува класичниот начин на истражување, со постапката на акционо истражување.

Традиционалната позитивистичка концепција на истражувања - долги години присутна во социјалната работа (бидејќи кога се формирала преовладувала позитивистичка концепција), има определени фази во истражувањето: избор на темата, дефинирање на проблемот, поставување на хипотези, издвојување на варијабли, избор на методи и техники, резултати од истражувањето, дискусија и евалуација на истражувањата (Halmi A., 1995, s. 80).

За разлика од традиционалниот (позитивистички) приод во истражувањата применувани за проучување на социјалната работа, во последно време се употребува, пред сè интерпретативниот приод, а како вид на истражување се јавува акциско-ориентирано истражување, најтесно поврзано со суштината на социјалната работа.

### 3.1 *Акционо-ориентирано истражување*

За акционото истражување (Aktionsforschung, Handlungsforschung, Action research) не може да се каже дека е изолирана метода. Таа претставува сложена истражувачка процедура составена од повеќе техники. Иако по потекло е од социјалната психологија, во последно време доживува голема примена во социјалната работа, најверојатно поради фактот што во оваа концепција теоријата и практиката имаат специфичен однос и взаемно се преплетуваат.

Најсигнификантната разлика во споредба со другите научни процедури се состои во тоа што во таа научна постапка предметот на проучување не се избира априори туку треба да се открива и тоа во текот на истражувањето. Давајќи општи карактиристики на акционото истражување, А.Халми прави чекор напред, залагајќи се за генерички процес на истражување во социјалната работа каде што „професионалниот социјален работник секогаш ги сфаќа истражувањето и практиката како единствен и генерички процес на решавање на проблемситуација на „клиентот" (Halmi A.,1995,s.131). Тој пристап ја обединува теоријата на социјалната работа со практиката.

Во акционото истражување не сакаме да се ограничуваме во својата активност, до пасивна рејестрација и репродукција на хартија на сето тоа што се однесува за испитуваната стварност.

Акционото истражување доживува своја огромна ренесанса во 70-те години, особено во западно-германската социјална педагогија. Се претпоставуваше дека методата може да биде панацеум спрема социјалните проблеми кои ја загрозуват Европа. Во овој момент се појавија и различни обиди за дефинирање на овој метод. Помеѓу нив може да се разликуваат три становишта:

а) акционото истражување е посебна методолошка стратегија, опозициона до стандаризирани и технолошко обременети неопозитивистички општествени истражувања. Акционото истражување треба да претставува нова научна парадигма.

б) акционото истражување претставува обид за формирање на нова општествена стварност, пред сè политичка. Претставниците на

тоа становиште се поврзани со нови насоки и движења во политиката и го третираат акционото истражување како политичка акција.

в) акционото истражување е метода на образование на социјалните педагози и социјалните работници. Неговата цел е подобрување на практиката.

Акционото истражување се потпира врз методолошки холизам. Како појдовна точка во овој концепт е познавање на определена целина, која го определува функционирањето на нејзините елементи. Освен тоа, акционо истражување има очигледни онтолошки заложби. Имено, човекот во нив не е предмет, туку свесен, автономен подмет.

Преку акцискиот пристап гледаме разлика помеѓу методолошката парадигма на теоријата на социјална работа со други сродни дисциплини.

Акцискиот, пристап за разлика од другите пристапи, има квалитативен карактер. Карактеристична особина на квалитативниот пристап е непосредниот контакт на истражувачот со истражувачка појава, надополнет со паралелно почитување на компетентноста на испитаникот. Самиот чин на истражување има реципрочен карактер, не може да се манипулира со испитаникот, се избегнува нафрлување на анализиран поими - априори (Sulek A., 1989).

Според западната научна литература, квалитативен пристап означува употреба на методи кои припаѓаат на главните теоретски опции какви што се интеракционизмот, феноменологијата и етнометодологијата.

## ЗАКЛУЧОК

Градењето на теорија на социјалната работа како научна дисциплина со сите свои посебни обележја е доста сложена задача. Сепак постојат такви обиди, иако се доста критикувани од страна на претставниците на сродните општествени науки. Независно од сите настојувања, ниту предметот, ниту методите, ниту функциите на социјалната работа не може да се поистоветуваат со некоја друга општествена наука.

Освен тоа, поради специфичностите кон теоретскиот пристап во одделни земји каде што е развиена социјалната практика, постои мошне голема разлика во дефинирањето на посебни поими, нивниот обем и придавање на значење на посебни анализирани проблеми.

Согласно со D. Howe може да детерминираме дека постојат теории за социјална работа, кои потекнуваат од психологијата, социјал-

ната педагогија и социологијата, кои ги искористуваме во работата со клиенти, групи и локални заедници. Освен тоа, постои и теорија на социјалната работа која изградува своја посебна парадигма, обединувајќи ги сите посебни, специфични научни објаснувања, својствени на социјалната работа.

## ЛИТЕРАТУРА:


1. Дервишбеговиќ, М. (1995), *Социјални рад*,Сарајево.
2. Георгиевски, П., (1994). *Социологија на образованието*, Скопје
3. Георгиевски, П. (1988) *Социолошка методологија*, Петроска Б., *Социологија*, Скопје.
4. Javorska-Szatur B.,(1993), Teoria pracy socjalnej ,Pilch T.,Lepalczyk I, *Pedagogika spoleczna*, Warszawa
5. Kaminski A,(1978), *Funkcje pedagogiki spolecznej* ,Warszawa
6. Lepalczyk I. (1981), *Problem ksztalcenia pracownikow socjalnyc* Warszawa
7. Marynowicz E. (1996), Praca socjalna i jej aktualne wymiary, *Pedagogika spoleczna i praca socjalna*, Warszawa
8. Martinovic M. (1987), *Znastvene osnove socijalnog rada*, Zagreb
9. Muzic V, (1973) *Metodologija pedagoskog istrazivanja*, Sarajevo
10. Неделковиќ И, (1982) , Социјални рад,Београд
11. Podgorecki A, (1968), Piec funkcji socjologii, *Socjotechnika-praktyczne zastosowanie socjologii*, Warszawa
12. Социолошки речник (1995), Скопје
13. Smolinska B, (1991) Srodowiskowe metody pracy socjalnej, P*raca socjalna*, nr 3-4,Warszawa
14. Sulek A., Nowak K., Wyka A., (1989), *Poza granicami socjologii ankietowej*. Warszawa.
15. Szmagalski J (1994 ), *Teoria pracy socjalnej a ideologia i polityka spoleczna*, Warszawa
16. Шешич Б (1988), *Основи методологије друштвених наука*, Београд
17. Стаменкова -Трајкова В (1995). *Психологија*, Скопје
18. Halmi A (1995), *Metodologija istraživanja u socijalnom radu* , Zagreb
19. Howe D, (1997), *Uvod u teoriju socijalnog rada*, Beograd

## SUMMARY:

Maria DONEVSKA

**METHODOLOGICAL DILEMMAS OF THEORY OF SOCIAL WORK**

In this text the effort has been made towards the presentation of methodological characteristics of the theory of social work, as a unique and particular scientific discipline. It also emphasize the attempt to differentiate from the interdisciplinary approaches in the social theory and practice those matters that are incontestable characteristic only for the theory of social work. In doing so, the analyze of its subject, functions and method is being realized.